Република Северна Македонија
Kuzey Makedonya Cumhuriyeti
ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
MAVROVO VE ROSTUŞE BELEDIYE
Бр./N° 04-46/15
14.04.2025 год./yil
Ростуше / Rostuşe

Врз основа на член 45 страв 1 од Законот за административни службеници („Сл.весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Маврово и Ростуше на ден 14.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**За невршење избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за работно место **УПР0101Г03000, Референт за Упатување со граѓани/странки,** Одделение за управување со човечки ресурси, во Општина Маврово и Ростуше по јавен оглас број 45/2025.
2. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за Администрацина по барање на Општина Маврово и Ростуше на ден 11.02.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", како и на веб страницата на Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 45/2025 за вработување на еден административен службеник, за работно место **УПР0101Г03000 Референт за Упатување со граѓани/странки, Одделение за управување со човечки ресурси, во Општина Маврово и Ростуше.**

Комисијата за селекција за вработување, формирана со Решние број 10-339/5 од 11.02.2025 година спроведе административна селекција согласно Записник број 10-339/6 од 26.02.2025 година, спроведе испит за административен службеник согласно Записник број 10-339/7 од 20.03.2025 година и спроведе и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, согласно Записник број 10-339/8 од 27.03.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција, изготви Конечна ранг-листа и Предлог број 10-339/9 од 27.03.2025 година, за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за ова работно место број 1 по Јавен оглас број 45/2025, кој во законски рок го достави до Општина Маврово и Ростуше.

Во предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас број 45/2025, за работното место УПР0101Г03000, Референт за Упатување со граѓани/странки, Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Маврово и Ростуше, нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Општина Маврово и Ростуше**
**Секретар**
**Осман Сејдиу**

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Архива на општината